РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
INSPEKTORATI SHTETËROR ADMINISTRATIVE

| Примено / Pranuar | 14.04.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Nj. Organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 03-148/1 | | | |

( Образец ПП……)

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ НА РС МАКЕДОНИЈА

До: ____________________________________________

(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

[redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Записник извршен инспекциски надзор Ип1 бр. 12-312 од 21.03.2025 година составен од Управен инспектор Ветим Рустеми.
2. Решение со изрекување на соодветна инспекциска мерка и со предвиден рок за отстранување на недостатоците/неправилностите утврдени во Записник Ип1 бр. 12-312 од 21.03.2025 година составен од Управен инспектор Ветим Рустеми.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго На приватни УСБ.

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер**

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 14.04.2025 година.**

Потпис

[redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
# ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Државниот управен инспекторат, по барање на [redacted] донесе

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted], заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-148/1 од 14.04.2025 година, **СЕ ОДБИВА.**

### *Образложение*

До Државниот управен инспекторат поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-148/1 од 14.04.2025 година.

Од увид во Барањето утврдено е дека истото има 2 точки и во нив подносителот ги бара актите Записник и Решение Ип1 12-312 од 21.03.2025 година. Од овид во предметот и по изјава на инспекторот кој постапува по иницијативата ИП1 бр. 12-312, утврдено е дека инспекциската постапка е во тек по што овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер постапувајќи согласно член 6 став (4) од Законот, спроведе Тест на штетност бр.03-148/2 од 05.05.2025 година. Со Тестот на штетност утврдено е дека актите по точките 1 и 2 опфаќаат податоци кои се предмет на други постапки утврдени во член 6 став (1) алинеја 4) од Законот и член 3 став 1 алинеја Д од Конвенцијата за пристап до официјални документи на Советот на Европа, па истите претставуваат исклучок од слободниот пристап до информации.

Бидејќи бараните информации претставуваат исклучок од слободниот пристап до информации, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Права поука:** Против ова решение Барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер

**Решено во Државниот управен инспекторат под бр.03-148/3 на 05.05.2025 година**

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Флоре Ставревска


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Плоштата Цар Самоил 20, Ресен
Република Северна Македонија
+389 71 322 387
www.duinspektorat.mioa.gov.mk